# ЗАШТИТА НА ПРАВАТА ОД ИНДУСТРИСКА СОПСТВЕНОСТ

## (прирачник)

**АГЕНЦИЈА ЗА ПОДДРШКА НА ПРЕТПРИЕМНИШТВОТО
ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Издавач:
Европски  Информативен и Иновативен Центар во Македонија
ЕИИЦМ
www.een.mk

Лектор:
..........................................

Агенција за поддршка на претприемништвото на Република Македонија
www.apprm.gov.mk

Прирачникот во  PDF може да се превземе на следната веб страница:
www.apprm.gov.mk

**СОДРЖИНА**

Каква е поврзаноста меѓу истражувањето и развојот (R&D) и бизнисот ? .................................................................. 7

Што е индустриска сопственост ? ........................................................... 7

Кои се правата од индустриска сопственост? ...........................................8

Која е содржината на правата од индустриска сопственост? ................. .9

Која е постапката за признавање на правата од индустриска сопственост? ..................................................................................................9

Право на патент ...........................................................................................10
- Што е пронајдок?
- Како да се регистрира патент?
- Постапка за признавање на правото на патент
- Дали важењето на патентот може да се продолжи ?
- Судска заштита

Право на индустриски дизајн ..................................................................16
- Што е индустриски дизајн ?
- Кои тела, цртежи и слики можат да се заштитат како индустриски дизајн ?
- Како да се заштити индустриски дизајн?
- Постапка за признавање на правото на индустриски дизајн
- Важење на правото на индустриски дизајн
- Меѓународна заштита на индустриски дизајн
- Судска заштита

Право на трговска марка .........................................................................22
- Што е трговска марка?
- Кои функции ги има трговската марка?
- Кои знаци можат да се регистрираат како трговска марка?
- Кој може да пријави трговска марка ?
- Постапка за признавање на правото на трговска марка
- Кои се правата на трговска марка ?
- Продолжување на важењето на трговската марка
- Судска заштита
- Меѓународна заштита на трговска марка
- Престнок на трговска марка поради некористење

Географски назив ......................................................................................28
- Кои производи се може да ги обележиме со географси назив?
- Што претставува ознаката на потеклото на производ ?

Што претставува географската ознака на потеклото на производ ?
Кој може да поднесе пријава за заштита на географски назив ?
Што содржи пријавата за заштита на географски назив ?
Права на заштитениот географски назив
Важење на правото на географски назив
Злоупотреба на ознаките на потеклото на производите

Остварување на заштита на правата од индустриска сопственост .........34

Пренесување и отстапување на правата од
индустриска сопственост ........................................................................35
Пренесување на правото од индустриска сопственост
Отстапување на користење на правото (договор за лиценца)
Содржина на договорот за лиценца
Права и обврски на договорените страни
Подлиценца
Присилна лиценца
Службена лиценца

Државен завод за индустриска сопственост на
Република Македонија ..........................................................................39

**„ Од човечкиот дух се раѓаат уметнички творби и пронајдоци * тие дела го прават човечкиот живот достоен на човека * должност на државата е да ја штити уметноста и пронајдоците“**

Натпис на куполата на зградата во седиштето на светската организација за интелектуална сопственост (WIPO)



Заштитата на правата од индустриска сопственост е единствен инструмент кој игра голема улога во индустријата. Иако кај македонските компании употребата на интелектуална сопственост, во целина, е мошне ограничена, истите се свесни дека креирањето и управувањето со интелектуалната сопственост  е од клучно значење за одржување на нивниот раст, конкурентноста и проширување на своите пазари. Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Македонија ја издаде брошурата „Заштита на правата од индустриска сопственост“ со единствена цел истата да претставува мал прирачник за насочување на активностите кои компаниите ги превземаат во реализација на своите намери да ги заштитат правата од индустриската сопственост (патент, индустриски дизајн, трговска марка, ознака на потеклото на производот и географска ознака). Со користењето на различни алатки за заштита на индустриската сопственост, македонските компании секако ќе бидат во можност, во согласност со својата стратегија за развој, да ја подобрат својата позиција на национално ниво и пошироко.



## Каква е поврзаноста меѓу истражувањето и развојот (R&D) и бизнисот ?

Иновацијата отсекогаш била клучот за успехот во компаниите и останува извор на енергија на економијата базирана на знаење која е предизвик на секоја земја. ЕУ и Република Македонија работат на зголемување на иновативноста на компаниите како единствено средство за решавање на големите општествените предизвици со кои се соочуваат. На тој начин ќе се создадат можности да се изгради модел на силен и одржлив раст. Во таа смисла, значајни се неколку клучни области за акција: финансиска поддршка за истражување и развој, односно иновации, подобрување на условите на пазарот и негово промовирање, како и инвестирање во луѓето и бизнисот.

Изнесеното упатува на сознанието дека истражувањето и развојот (R&D), од една страна и бизнисот од друга страна се два паралелни универзума со свои карактеристики и специфичности кои треба правилно да се разберат во контекст на целите на компанијата и нејзиното опкружување.

## Што е индустриска сопственост ?

Во принцип се разликуаат следниве видови на имот, односно сопственост:

- подвижен имот (рачен часовник, автомобил, накит, пари),
- неподвижен имот (земјиште, куќи),
- интелектуален имот (креација на човечкиот ум, инетелект)
  Интелектуалниот имот (сопственост) подразбира:
  - литературни, артистички и научни дела,
  - изведувачки дела (глума, пеење, свирење и сл), фонограми, радио и телевизиски емисии,
  - пронајдоци во сите полиња на човековата дејност,
  - научни откритија,
  - индустриски дизајн,
  - стокови и услужни жигови, комерцијални имиња и ознаки,
  - заштита од нелојална конкуренција

  Интелектуалната сопственост е скриено (нематеријално) средство кое има одредена вредност (во билансот на состојба).

Поимот индустриска сопственост е дефиниран во времето на Парискатa конвенција  за заштита на интелектуалната сопственост. Уште тогаш е одвоен поимот индустриска сопственост од поимот авторски права, како одделна категорија, имено:




## Кои се правата од индустриска сопственост?

Според Парискатa конвенција, заштитата на индустриската сопственост опфаќа:

- патенти,
- полезни модели,
- индустриски дизајн,
- стоковни жигови,
- трговски имиња,
- ознаки на потекло, и
- заштита од нелојална конкуренција

Според Законот за индустриската сопственост  (ЗИС) на Република Македонија, права на индустриска сопственост се:

- патент,
- индустриски дизајн,
- трговска марка, и
- ознака на потекло на производот и географска ознака.

Најзначајниот облик на творештво во областа на индустриската сопственост е патентираниот пронајдок. Индустрискиот дизајн и трговската марка се значајни во прометот на стоки и услуги.

## Која е содржината на правата од индустриска сопственост?

Носителот на патент и трговската марка има:

1) исклучително право да го користи во производството заштитениот пронајдок, форма на тело, слика или цртеж;
2) исклучително право да пушти во промет предмети изработени според заштитениот пронајдок, форма на тело, слика или цртеж;
3) право да располага со патентот, односно индустрискиот дизајн, и
4) право да забрани користење на заштитениот пронајдок, индустриски дизајн.

Овие права се стекнуваат со признавање и со упис на признаеното во соодветниот регистар (кој е јавен), а важат од денот на поднесувањето на уредна пријава во Заводот за заштита на индустриска сопственост на Република Македонија (Заводот).

## Која е постапката за признавање на правата од индустриска сопственост?

a) Постапаката за признавање на правата од индустриска сопственост започнува со поднесување пријава. За секој пронајдок, нова форма на тело, слика или цртеж, односно знак се поднесува посебна пријава, за што на подносителот на пријавата Заводот му издава потврда.

b) Пријавата на патент не може дополнително да биде изменета, односно кога се работи за пријава за нова форма на тело, слика или цртеж, односно знак, не може пријавата суштествено да се измени или дополни.

c) Од денот на приемот на уредна пријава, подносителот на пријавата има право на првенство спрема секое друго лице кое за истиот пронајдок, нова форма на тело, слика или цртеж, односно знак подоцна ќе поднесе пријава.

d) Лицето кое на официјално призната изложба или саем од меѓународен карактер во Република Македонија или во некоја земја членка на Меѓународната унија за заштита на индустриската сопственост, изложи некој пронајдок, нова форма на тело, слика или цртеж, или употреби определен знак за обележување на стоки или услуги, може во рок од три месеци од денот на затворањето на изложбата (саемот) со пријава да побара право на првенство од првиот ден на излагањето, односно од денот на

употребата. Кон пријавата се приложува и потврда од надлежен орган дека станува збор за официјално признаена изложба (саем).

e) Пријавата мора да содржи податоци за подносителот на пријавата и за правото за кое се бара заштита.

f) По поднесување на пријавата, Заводот врши:
   - претходно испитување на пријавата, и
   - формално испитување на пријавата.

## ПРАВО НА ПАТЕНТ

Со патент се штити ПРОНАЈДОК.

Патентот е значаен за:

1) **општеството**
   (се објавува пронајдокот во јавноста и истата може пронајдокот после определен временски период да го користи слободно и без надоместок),
2) **пронајдувачот**
   (ги има моралните права и одредени материјални права),
3) **носителот на правото на патент**
   (има исклучиво право на користење на пронајдокот, примена во промет и право на располагање).

Еден од најстарите системи за заштита на пронајдок потекнува од Англија за време на владеењето на кралицата елизабета I, но прв вистински закон за патентите е донесен 1790 година во САД.

### Што е пронајдок?

Пронајдокот претставува:

- ново техничко речение на определен технички проблем,
- нова растителна сорта или хибрид (Република Македонија е една од ретките земји која со патент го штити овој вид на пронајдок),
- да е резултат на творечка работа,
- да е технички изводлив, и
- да може да се примени во индустријата или друга стопанска дејност.

Пронајдоците кои ги исполнуваат овие услови, односно ги имаат овие карактеристики  можат да се регистрираат како патент.

Македонскиот законодавец прифака патент за нови растителни сорти и хибриди и е еден од ретките во светот.

За пронајдоци не се сметаат:

- научните откритија,
- научните теории,
- математичките методи,
- естетските творби,
- планови,
- принципи и методи во врска со вршење умствена работа,
- програми за сметачи, и
- формите за давање информации.

Секогаш пред да се донесе одлука за поднесување на пријава за патент, се препорачува на подносителите на пријавата да се советуваат со експерти за патентна заштита со цел да дадат оценка дали пронајдокот ги исполнува условите за да припадне во некоја некоја од категориите за регистрација на патент.

## Како да се регистрира патент?

Во постапката пред поднесувањето на пријавата корисно е да извршите пребарување на базата на податоци на Државниот завод за индустриска сопственост, базите на Европскиот Патентен Завод кои се достапни на интернет (http://ep.espacenet.com и http://www.epoline.org), кои се бесплатни и може да најдете повеќе од 50 милиони пријави на патенти и патенти од целиот свет.

Пријавата на патент треба да биде писмено составена, да биде јасна и потполна. Затоа, при составување на пријавата на патент се препорачува да побарате стручна помош и совет од регистриран застапник или да се обратите по телефон, e-mail, лично до Секторот за патенти во Државниот завод за индустриска сопственост. На тој начин ќе го отстраните ризикот за недоволна и несоодветна заштита.

Добро е подносителот на пријавата на патент, при поднесувањето на пријавата да ја определил класификацијата на пронајдокот. Но, доколку не е во можност тоа да го направи, тогаш класификацијата ја прават патентните испитувачи на Заводот. Целокупната содржина на класификацијата на англиски и на француски јазик може да се најде на интернет страницата на Светската Организација за Интелектуална Сопственост (WIPO): www.wipo.int/classifications/en/.

Користејќи ги информациите содржани во патентните бази на податоци, исто така, ќе им овозможи на македонските компании да се избегне нерационалната употреба на нивните ограничени ресурси за истражување и развој.

Битни делови на пријавата за патент, која се пополнува на соодветен образец се:

- барање за признавање на патент на образец ДЗИС-П1 на А4 формат, во три примероци (Прилог 1),
- нацрт (доколку е потребен) на кој се повикува описот и патентното барање / опис на пронајдокот,
- едно или повеќе патентни барања, и
- кратка содржина на суштината на пронајдокот (апстракт).

Прилог 1

**БАРАЊЕ ЗА ПРИЗНАВАЊЕ НА ПРАВОТО НА ПАТЕНТ**
Државен завод за индустриска сопственост

*(да се пополни со машина за пишување)*

| | |
|---|---|
| **1. Назив на пронајдокот** | |
| | |
| **2. Подносител на пријавата** | |
| *Презиме, име и адреса за физичко лице односно фирма и седиште за правно лице* | *Телефон* |
| | *Факс* |
| | *e-mail* |
| ☐ Постојат повеќе подносители (ДЗИС П1 дополнение 1) | |
| ☐ Изјава за заеднички претставник | |
| **3. Пронајдувач** | |
| *Презиме, име и адреса* | ☐ **Пронајдувачот не сака да биде наведен**<br>☐ **Пронајдувачот е подносител** |
| Постојат повеќе пронајдувачи (ДЗИС П1 дополнение 2) | |
| **4. Застапник** | |
| | |
| *Регистарски број* | |
| ☐ Податоци за останати застапници | |
| **5. Адреса за коресподенција** | |
| *Презиме, име и адреса Односно фирма и седиште* | *Телефон* |
| | *Факс* |
| | *e-mail* |

**Об. ДЗИС П1**

**6. Начин на спроведување на постапката**

- ☐ потполно
- ☐ билатерални договори
- ☐ во Заводот

**7. Право на првенство**

| Саемско право<br>*Име на изложбата односно саемот*<br>*Датум на првото изложување* | Унионско право<br>*Датум на пријава, Броја на пријавата, Држава* |
|---|---|
| | |

**8. Разделена пријава**

Број на прводитната пријава П ______________

Датум на првобитната пријава ______________

| **Прилози** | **Содржина** |
|---|---|
| ☐ *Доказ за платена такса* | *Опис на пронајдок* ________ *страници* |
| ☐ *Барање за редукција на таксата и доказ* | *Патентни барања* ________ *страници* |
| ☐ *Полномошно за застапување* | *Нацрти* ________ *страници* |
| ☐ *Генерално полномошно* | *листа на нуклеот.или ам.*________ *страници* |
| ☐ *Податоци за други подносители* | |
| ☐ *Изјава за заеднички претставник на подносителот* | |
| ☐ *Податоци за други пронајдувачи* | *Вкупен број на страници* ________ |
| ☐ *Изјава од пронајдувачот дека не сака да биде наведенво пријавата* | |
| ☐ *Документ за правото на првенството* | *број на патентни барања* ________ |
| ☐ *Потврда за изложување на меѓународна изложба на пронајдоци* | |
| ☐ *Доказа за депонирање на жив биолошки и/или микробиолошки материјал* | *број на нацрти* ________ |
| ☐ *Попис на нуклеотидни и/или аминокиселински секвенци* | |
| ☐ *Пријавата е поднесена на странски јазик* | |
| ☐ *Електронска форма (дискета, CD)* | |
| ☐ *Барање за повторно воспоставување на правото на првенство* | |

*Број на нацртот кој се објавува со апстрактот односно патентното барање* _____

| *Потпис и печат на подносителот односно потпис и печат на застапникот* | *Потпис и печат на Државниот завод за индустриска сопственост* |
|---|---|
| | |

## Постапка за признавање на правото на патент

Постапка за признавање на правото на патент може да поведе пронајдувачот (физичкотот лице кое го создало пронајдокот со својот пронајдувачки труд) и неговиот правен следбеник (правно или физичко лице чие признавање на правото на патент се темели врз закон,правна работа,наследување и судска одлука).

Ако пронајдокот е производ на заедничка работа на повеќе пронајдувачи тогаш правото за поведување на постапка за признавање на правото на

патент им припаѓа на сите пронајдувачи или нивните правни следбеници. Не се смета за пронајдувач оној кој во создавањето на пронајдокот пружал само техничка помош.

По поднесување на пријавата за признавање на правото на патент во Државниот завод за индустриска соптвеност:

- се испитува уредноста на пријавата т.е. дали пријавата ги има сите содржини кои се предвидени со закон,
- утврдува датумот на поднесување на пријавата со што подносителот на пријавата се стекнува со право на првенство,
- пријавата потоа се запишува во Регистерот за пријави на патенти,
- формално се испитува пријавата ( платени потребни такси; превод на пријавата ако истата е составена на странски јазик; проверка на комплетноста на нацртите; полномошно за застапување (доколку пријавата е поднесена преку застапник),

Државниот завод за индустриска сопствевност не врши потполно испитување на пријавата, туку после формалното испитување на истата, се признава патент кој трае до истекот на 9-тата година. Со цел патентот да трае 20 години, потребно е да се изврши потполно испитување во некоја од институциите утврдени со ЗИС. Поради тоа, им се препорачува на подносителите на пријавата, пред да ја поведат постапката за добивање патент, да извршат претходно испитување на состојбата на техниката.

Согласно новиот Закон за индустриска сопственост ("Службен весник на РМ" бр 21/09 од 17.02.2009, www.ippo.gov.mk), подносителот на пријавата на патент треба во барањето за признавање на правото на патент да се изјасни за една од следните можности:

- постапката на испитување ќе ја спроведе со потполно испитување во институциите,

- потполно испитување во институциите со кои Заводот има склучено посебен договор за пребарување и потполно испитување или

- испитување спроведено во Заводот за донесување на решение за десет години на важност.

Изјаснувањето за начинот на спроведување на постапката на испитување подносителот на пријавата на патент треба да го стори при поднесување на пријавата или во рок од 6 месеци од датумот утврден како датум на поднесување на пријавата до Заводот.

За стекнување и одржување на важност на правото на патент, согласно ЗИС се плаќаат административни такси , како и посебни трошоци:

- поврзани со постапката на признавање,
- за одржување на важност на признаеното право на патент
- за давање информациски услуги.

Во спротивно, признаненото право престанува да важи.

Вообичаено времетраење на заштитата на патентот изнесува 20 години. Признаненото право на патент може престне и пред овој рок ако:

- носителот се откаже од правото на патент,

- ако не се платат пропишаните такси и трошоци,
- врз основа на судска одлука, и
- ако престанало правното лице, односно ако умрело физичкото лице, кое е носител на правото.

Привремена патент апликација:
Во некои земји (вклучувајќи ги Австралија, Канада, Индија и Соединетите Американски Држави) кандидатите имаат можност да аплицираат за привремен патент.
На овој начин:
- o ценaта на влезот е помала (за привремената патент апликација)
- o подносителот на барањето, може да чека до една година пред поднесување на целосната патент апликација.

### Дали важењето на патентот може да се продолжи ?

Откако ќе истече времетраењето на заштитата на патентот, истиот станува општо добро, односно патентот може да го користат сите и тоа без надомест.

### Судска заштита

Заштитата што му се доделува на патентот значи дека било кој што сака да го користи пронајдокот мора претходно да обезбеди согласност од лицето што го примило патентот наречено „носител“ или „сопственик на патентот“.
Ако во текот на користењето на правото на патент, носителот утврди повреда на правото – користење на идентичен патент од страна на друго правно или физичко лице, може да поведе спор пред надлежен суд.

При регулирање на правата на заштита на патент на национално и меѓународно ниво се воспоставени и други постапки, односно користење на соодветни обрасци, и тоа:
- БАРАЊЕ ЗА ВПИШУВАЊЕ НА ПРОМЕНА ВО РЕГИСТРИТЕ (П2)
- БАРАЊЕ ЗА МЕЃУНАРОДНО ПОДНЕСУВАЊЕ НА ПРИЈАВА СПОРЕД ДСП (П3)
- БАРАЊЕ ЗА ПРИЗНАВАЊЕ НА ПРАВОТО НА ПАТЕНТ врз основа на Меѓународна пријава според ДСП (П4)
- БАРАЊЕ ЗА ПРИЗНАВАЊЕ НА ПРАВОТО НА ПАТЕНТ врз основа на Договорот за проширување на европски патент (П5)
- БАРАЊЕ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ДОПОЛНИТЕЛЕН СЕРТИФИКАТ за заштита на медицински производи (П7)

# ПРАВО НА ИНДУСТРИСКИ ДИЗАЈН

## Што е индустриски дизајн ?

Индустрискиот дизјн претставува креација на естетски форми (модел и мостра) кои немаат функционални својства, односно:

Моделот е нова надворешна форма на определен индустриски или занаетчиски производ, односно негов дел. Моделот е тродимензионална креација на определен производ.

Мостратa е нова слика или цртеж кој може да се пренесе на определен индустриски или занаетчиски производ. За разлика од моделот, мострата е дводимензионална креација која е преносива на определен производ, односно негов дел.

## Кои тела, цртежи и слики можат да се заштитат како индустриски дизајн ?

Со право на индустриски дизајн се штити нова форма на тело, слика, цртеж, контура, композиција на бои, текстура или нивна комбинација, што може да се пренесе на определен индустриски или занаетчиски производ, или на негов дел, колку што е потребно да ги задоволи условите на новост и особеност.

За да може одредена творба да се заштити како индустриски дизајн, треба да ги исполнува следните услови:

1) новост,
2) можност за индустриска или занаетчиска применливост, и
3) да е резултат на креативен труд.

Нова форма на тело, слика или цртеж претставува суштествено разликување од оние што порано се пријавени и од оние што пред поднесување на пријавата и биле достапни на јавноста.

Автор на индустриски дизајн е физичко лице кое го создало дизајнот со својот креативен труд. Не се смета за автор оној кој во создавањето на дизајнот пружал само техничка помош.

Правен следбеник на авторот е правно или физичко лице чие стекнување на правото на индустриски дизајн се темели врз закон, правна работа, наследување и судска одлука. Работодавачот се смета за правен следбеник на авторот кога врз основа на закон, или договор за работа му припаѓа правото на стекнување на индустрискиот дизајн создаден во рамките на работниот однос на авторот.

## Како да се заштити индустриски дизајн?

Постапката за признавање на правото на индустриски дизајн се поведува со поднесување на пријава на индустриски дизајн до Заводот.

Пред поднесувањето на пријавата треба да се утврди дали предметот што треба да се заштити може да се заштити како индустриски дизајн, односно дали претставува нова надворешна форма на определен производ.

Пријавата треба да содржи:

- барање,
- опис на телото, односно сликата или цртежот,
- фотографија или графички приказ (нацрт) на пријавеното тело, односно слика или цртеж,
- доказ за уплатена такса за пријавување.

## Постапка за признавање на правото на индустриски дизајн

Постапка за стекнување на правото на индустриски дизајн, може да поведе авторот или неговиот правен следбеник. Ако дизајнот е креација на повеќе автори тогаш правото на поведување постапка имаат сите автори или нивните правни следбеници.

По примената пријава за индустриски дизајн, Заводот:

- ја започнува постапката за признавање на правото на индустриски дизајн,
- утврдува дали пријавата ги исполнува условите предвидени со ЗИС,
- во текот на постапката заводот контактира со подносителот на пријавата или со неговиот застапник, за сите евентуално појавени проблеми,
- Заводот донесува решение за признавање на индустриски дизајн,
- признаеното право на индустриски дизајн, се упишува во регистарот на индустриски дизајн,
- на носителот на индустриски дизајн му се издава исправа за индустриски дизајн.

# ПРИЈАВА НА ИНДУСТРИСКИ ДИЗАЈН

Прилог 1

**БАРАЊЕ ЗА ПРИЗНАВАЊЕ НА ПРАВОТО НА ИНДУСТРИСКИ ДИЗАЈН**

Државен завод за индустриска сопственост

***(да се пополни со машина за пишување или електронски)***

**1. Адреса за кореспонденција**

*адреса на подносителот на пријавата, заедничкиот претставник или застапник*

*Телефон*

*Факс*

*e-mail*

**2. Пријавата се поднесува за**

☐ Еден дизајн

☐ Повеќе дизајни

**3. Подносител на пријавата**

*Презиме, име и адреса за физичко лице, односно фирма и седиште за правно лице*

☐ Постојат повеќе подносители ☐ Изјава за заеднички пре 3. Подносител на пријава

**4. Застапник** *Презиме, име или назив, адреса:*

*Регистарски број:*

**5. Автор** *(презиме и адреса)*

☐ подносител е автор

☐ авторот не сака да биде наведен во пријавата

☐ постојат повеќе автори

**6. Назив на индустрискиот дизајн:**

**7. Означување на видот на дизајнот:** ☐ дводимензионален ☐ тродимензионален

**8. Пријавата се поднесува за:**

☐ вкупен број на индустриски дизајни ☐ приложена мостра ☐ разделена пријава

☐ одложување на објавувањето ☐ објавување во боја

**9. Побарано право на првенство и основот:**

☐ саемско првенство *(име на изложбата или саемот и датум на првото изложување на дизајнот)*

☐ униско првенство *( датум, држава и број на првата пријава)*

Об.ДЗИС ИД-1

**10. Прилози**

| | |
|---|---|
| ☐ *3 пример. фотофраф.(графички прикази),* | *податоци за други автори* |
| *кои имаат _____ стр.* | *податоци за други подносители напријавата* |
| ☐ *3 пример.на приложен опис, кој има ____ страни* | *пријавата претходно е поднесена во електронска форма* |
| ☐ *доказ за платена такса* | *поднесено _____ додатени страници за точка ____* |
| ☐ *полномошно на застапникот* | *(по потреба)* |
| ☐ *изјава за заеднички претставник* | |
| ☐ *доказ за правото на првенство* | |

| | |
|---|---|
| ***Потпис или печат на подносителот Односно потпис или печат на застапникот*** | ***Потпис и печат на Државниот завод за индустриска сопственост*** |

## Важење на правото на индустриски дизајн

Индустрискиот дизајн важи пет години, сметајќи од денот на поднесувањето на уредна пријава за индустриски дизајн.
Важењето на правото на индустрискиот дизајн може да се продолжи и тоа за период од по пет години, но не подолго од 25 години, под услов носителот на индустрискиот дизајн во текот на последната година на важењето на заштитата или најдоцна по шест месеци од истекот на тој период до Заводот да поднесе барање за продолжување на важењето на индустрискиот дизајн и да ги уплати потребните такси и трошоци за

постапката на одржување.
Новиот период на заштита започнува со истекот на последниот ден на претходниот период на заштита.
Барањето за продолжување на важењето на индустрискиот дизајн се поднесува на образец ДЗИС-ИД4, а содржината на барањето за продолжување на важењето на индустрискиот дизајн е утврдена со Правилникот за индустриски дизајн.

## Меѓународна заштита на индустриски дизајн

Хашкиот договор за меѓународно регистрирање на индустриски дизајн (модел / мостра) од 1925 година дава можност за меѓународна заштита. Република Македонија не е потписник ниту го има прифатено овој договор. Затоа,   носителот на индустрискиот дизајн, може да поднесе пријава за меѓународна регистрација на индустриски дизајн директно до Меѓународното биро на Светската организација за интелектуална сопственост, со седиште во Женева.

## Судска заштита

Ако носителот на правото на индустриски дизајн, во текот на користењето на своето право утврди повреда на правото преку користење на идентичен или сличен индустриски дизајн од друго правно или физичко лице, може да поведе спор пред надлежен суд.

При регулирање на правата на заштита на индустриски дизајн се воспоставени и други постапки, односно користење на соодветни обрасци, и тоа:

- БАРАЊЕ ЗА ВПИШУВАЊЕ НА ПРОМЕНА ВО РЕГИСТРИТЕ (ИД-2)
- БАРАЊЕ ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА ВАЖЕЊЕ НА ИНДУСТРИСКИ ДИЗАЈН (ИД-3)

# ПРАВО НА ТРГОВСКА МАРКА

## Што е трговска марка?

Трговската марка е стоковен или услужен жиг.
Со трговската марка се штити знак кој во прометот е наменет за разликување на стоки, односно услуги од ист или сличен вид. Трговската марка може да биде:

- индивидуална – подносител на пријавата е е едно физичко или правно лице,
- колективна – подносители се повеќе физички или правни лица поврзани со заеднички интерес во прометот, преку употреба на еден ист жиг.

Подносителот на пријавата на трговската марка ги има сите права, во согласност со ЗИС, од денот на поднесувањето на пријавата, односно од денот на изложувањето на саем или изложба.

## Кои функции ги има трговската марка?

Во принцип, трговската марка има повеќе функции:

1) **Функција на означување на потеклото на производот**
(се означува правниот извор кој го произведува конкретниот производ, односно укажувадека производот секогаш потекнува од едно исто претпријатие),

2) **Дистинктивна функција**
(разликување на одреден производ означен со определен жиг од ист таков или сличен производ на пазрот),

3) **Гарантна функција**
(гаранција дека одреден производ кој е означен со препознатлива за него трговската марка е секогаш со ист квалитет),

4) **Рекламна функција**
(значајна за продажната политика на претпријатието – препознатливата трговската марка влијае врз потрошувачите / корисниците на производите / услугите), и

5) **Конкурентска функција**
(поврзана е со носителот на правото на трговската марка кој ја употребува истата за означување на производите / услугите не само во прометот, туку и на материјали во коресподенцијата, пропаганден материјал и јавните медиуми).

## Кои знаци можат да се регистрираат како трговска марка?

Со трговска марка можат да се заштитат следниве знаци: слика, цртеж, збор, израз, вињета, шифра, комбинации на знаци, комбинации на бои, рељеф, фигура. Зборовите и буквите може да се напишат на било кој јазик и со било кое писмо.

Како трговска марка не се сметаат: печат, штембил и пунца (службен знак за обележување на скапоцени метали, мери и сл.

## Кој може да пријави трговска марка ?

Трговска марка може да пријави домашно и странско правно и физичко лице.
Странските физички и правни лица уживаат еднакви права како и државјаните на Република Македонија или правните лица со седиште во Република Македонија.

Како странско правно лице се смета лице со седиште во друга држава, а странски државјанин е она лице кое нема државјанство на Република Македонија.

Домашните правни и физички лица можат сами непосредно да ги превземаат сите дејствија пред Заводот, односно преку овластени лица регистрирани за застапување во областа на заштитата на индустриската сопственот.
Ангажирањето на застапник за домашни припадници не е задолжително, што не е случај за странските правни и физички лица.

## Постапка за признавање на правото на трговска марка

Трговските марки се пријавуваат / регистрираат за точно определени производи и/или услуги кои се во корелација со дејноста на подносителот на пријавата.

Република Македонија има пристапено кон Договорот од Ница за меѓународна класификација на производите и услугите при регистрирање на трговските марки, односно услугите се распределени во вкупно 45 класи, од кои 34 се класи на производи, а 11 се класи на услуги.

При поднесување на пријавата, производите односно услугите треба да бидат распоредени и означени според Меѓународната класификација така што прво се наведува бројот на класата, а потоа производите, односно услугите опфатени со таа класа.

Постапката е регулирана во ЗИС. Започнува со поднесување на барање – пријава.

Пополнувањето на пријавата на трговска марка бара одредена стручност, па затоа се препорачува подносителот на пријавата да ангажира професионален советник – застапник од редот на регистрираните застапници во заводот за заштита на индустриска сопственост.

Доколку пријавата е уредна, односно доколку ги содржи сите состојки и прилози предвидени во Законот и Правилникот, Заводот испитува дали се исполнети условите за признавање на правото.

Доколку пријавата ги исполнува со закон предвидените услови и доколку се платени соодветните трошоци, пријавата се објавува во службеното гласило на Заводот.

Во рок од три месеци од денот на објавувањето, против пријавата на трговска марка може да се поднесе приговор. Во членот 142 став 1 точка 1- 6 од Законот, таксативно се наведени лицата кои може да поднесат приговор против објавената пријава.

По истекот на рокот за приговор, доколку приговор не е поднесен, по плаќање на предвидените такси и трошоци за стекнување и одржување на правото во важност, Заводот донесува решение за признавање на правото на трговска марка.

Признаеното право се запишува во регистарот на трговски марки и се објавува во службеното гласило на Заводот.

На носителот на правото на трговска марка, Заводот му издава исправа најдоцна во рок од шест месеци од датумот на донесувањето на решението за признавање на правото на трговска марка.

Прилог 1

# БАРАЊЕ ЗА ПРИЗНАВАЊЕ НА ПРАВОТО НА ТРГОВСКА МАРКА (ТМ-1)

Државен завод за индустриска сопственост

***(да се пополни со машина за пишување или електронски)***

**1. Подносител на пријавата**

*Презиме, име и адреса за физичко лице односно фирма и седиште за правно лице, назив и седиште на производители*

*Телефон*

*Факс*

*e-mail*

**2. Адреса за кореспонденција**

*Презиме, име или назив, адреса*

*Телефон*

*Факс*

*e-mail*

**3. Застапник**

*Регистарски број:*

**4. Пријава за:**

а) ☐ *индивидуална трговска марка*

☐ *колективна трговска марка*

☐ *сертификатна трговска марка*

б) ☐ *стоковна трговска марка*

☐ *услужна трговска марка*

**5. Податоци за знакот:**

☐ *вербален со стандардни букви*

☐ *фигуративен*

☐ *тродимензионален*

☐ *во боја (се наведуваат боите):*

**Изглед на знакот**

**6. Транслитерација на знакот**

**7. Превод на знакот**

**8. Назначување на броевите на класите**

*(доколку нема доволно простор списокот се поднесува на посебен додаток):*

Об.ДЗИС ТМ-1

1

**9. Побарано право на првенство и основот**

☐ унијско право *(датум, држава и број на првата пријава):*

☐ саемско првенство *(име на изложбата или саемот и датум на првото изложување):*

**10. Прилози**

☐ *3 примероци на списокот на приозводи и услуги*
☐ *3 примероци на знакот*
☐ *доказ за платена такса*
☐ *општ акт за колективна/сертификатна марка*
☐ *полномошно на застапникот*
☐ *генерално овластување на застапникот претходно поднесено во Заводот*
☐ *доказ за правото на првенство*
☐ *пријавата претходно е поднесена во електорнска форма*

| ***Потпис или печат на подносителот Односно потпис или печат на застапникот*** | ***Потпис и печат на Државниот завод за индустриска сопственост*** |
| --- | --- |
| | |

Об.ДЗИС ТМ-1 2

## Кои се правата на трговска марка ?

Носителот на правото на трговска марка може:

- o да ја користи трговската марка,
- o да располага со него и да остварува право на надомест од располагање, и
- o да забрани трети лица неовластено да го користат.

Користењето на трговската марка може да се отстапи со договор за лиценца. Договорот мора да биде склучен во писмена форма и да биде запишан во Регистарот на трговски марки што го води Заводот.

## Продолжување на важењето на трговската марка

Заштитата на паравото на трговска марка  изнесува 10 години  од денот на уредната пријава, а важи од денот на уписот во регистарот. Важењето на трговскта марка може да се продолжува неограничено. За да го продолжи правото на важење на трговската марка, носителот на правото на трговска марка мора да поднесе уредно пополнето барање и доказ за платена административна такса.

Новиот период на заштита започнува наредниот ден по истекот на последниот ден на претходниот период на десетгодишната заштита Содржината и формата на барањето за продолжување на важењето на трговската марка се утврдуваат со Правилникот.

## Судска заштита

Ако во текот на користењето на правото на трговска марка, носителот утврди повреда на правото, односно утврди користење на идентичен или сличен жиг од друго правно или физичко лице, може да поведе спор пред надлежниот суд.

## Меѓународна заштита на трговска марка

Носителот на право на трговска марка, во Република Македонија може да изврши меѓународна заштита со поднесување на само една пријава до Заводот, согласно Мадридскиот Договор, односно Мадридскиот протокол.

Откако Заводот ќе испита дали пријавата е во согласност одредбите на Правилникот за трговска марка, пријавата  ја поднесува до Меѓународното биро на Светската организација за заштита на интелектуалната сопственост во Женева.

Рокот за одбивање на заштитата во земјата за која се бара заштита изнесува 1 (една) година.

Времетраењето на заштитата е 20 (дваесет) години.

## Престнок на трговска марка поради некористење

Престанок на правото на трговска марка се јавува  поради нејзино некористење без оправдана причина подолго од 5 (пет) години од денот

на уписот на трговската марка во регистарот, односно од денот кога трговската марка била последен пат користена.

Барање за престанок на трговска марка поради некористење може да поднесе заинтересирано лице, а решение за престанок донесува Заводот,

При регулирање на правата на заштита на индустриски дизајн се воспоставени и други постапки, односно користење на соодветни обрасци, и тоа:

- БАРАЊЕ ЗА ВПИШУВАЊЕ НА ПРОМЕНА ВО РЕГИСТРИТЕ (ТМ-2)
- БАРАЊЕ ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА ВАЖЕЊЕ НА ТРГОВСКА МАРКА (ТМ-3)
- БАРАЊЕ ЗА МЕЃУНАРОДНО РЕГИСТРИРАЊЕ НА ТРГОВСКА МАРКА (МТМ-4)

## ГЕОГРАФСКИ НАЗИВ

### Кои производи се може да ги обележиме со географси назив?

Со географски назив се обележуваат производите кои ги произведуваат физички или правни лица на определено географско подрачје. Географскиот назив може да се употреби за обележување на природни производи, земјоделски производи, индустриски производи, занаетчиски производи и производи од домашна ракотворба.

Географскиот назив се штити со:

- ознака на потеклото на производот, и
- географска ознака.

Со ознаката на потеклото, односно со географската ознака може да се штити и географски назив на определена земја, регион или место, кој со долга употреба во прометот станал општопознат како назив за производот кој потекнува од таа територија.

### Што претставува ознаката на потеклото на производ ?

Со ознака на потекло на производот се штити географскиот назив на производот чии посебни својства се претежно обусловени со местото, односно  со подрачјето од кое е произведен, ако тие својства настанале по природен пат, под влијание на поднебјето или почвата или на вообичаен начин и постапка за производство, односно преработка.

Ознаката за потеклото на производот (но не и на услугата) може да добие правна заштита, доколку ги исполнува условите предвидени во ЗИС.

Овластениот корисник на ознака на потеклото на производот, има право на користење на заштитената ознака.

Производите кои носат ознака на потекло на производот имаат предност на пазарот во однос на другите производи од ист вид кои ја немаат таа ознака. Ознаката на потеклото на производот за претпријатието претставува:

- силно средство на реклама и пропаганда при обработка на пазарот,
- гаранција за квалитетот, и
- конкурентско средство помеѓу производите од ист или сличен вид.

Ознаката на потеклото на производот може да се употреби за обележување на:

- природни производи,
- земјоделски производи, индустриски производи,занаетчиски производи, и
- производи од домашни ракотворби.

## Што претставува географската ознака на потеклото на производ ?

Географските називи кои не ги исполнуваат условите за заштита како ознака на потеклото на производот, можат да се заштитат како географски ознаки.

Географската ознака претставува назив на земјата, регионот или местото со кој се означува производот чиј квалитет, углед или други карактеристики во суштина можат да се припишат на географското потекло.

Географската ознака, за еден производ може да се штити под услов производството и/или подготовката на производот да се одвива во определено место на потеклото.

## Кој може да поднесе пријава за заштита на географски назив ?

- физички и правни лица кои произведуваат определен производ
- форми на здруженија кои можат да стекнуваат право и преземаат обврски во однос на заштитата односно правото на користење, и
- државен орган, единица на локална самоуправа и коморите заинтересирани за заштита на географските називи на подрачјето на нивното дејствување.

## Што содржи пријавата за заштита на географски назив ?

Пријавата за заштита на правото на користење содржи:

- барање за признавање на правото на користење на заштитен географски назив,
- доказ за вршење определена дејност,
- доказ за извршена контрола, кога се бара заштита со ознака на потеклото, односно
- изјава од подносителот, кога се бара заштита со географска ознака.

Во пријавата за заштита на географски назив треба да се назначи дека се бара заштита со ознака на потеклото или со географска ознака, односно:

- Пријавата за заштита на географски назив со ознака на потеклото покрај барањето за заштита на географски назив содржи елаборат за производот кој ќе се означува со географскиот назив,
- Пријавата за заштита на географскиот назив со географска ознака покрај барањето за заштита на географскиот назив содржи спецификација за производот кој ќе се означува со географски назив.

Содржината на наведените барања  се утврдени со Правилникот за ознака на потекло на производот и географската ознака.

## Права на заштитениот географски назив

Географската ознаката на потеклото е колективно право и можат да го користат исклучиво правни и физички лица и здруженија на правни и физички лица кои произведуваат или преработуваат производ чиј географски назив е заштитен со ознака на потеклото.

Правото на користење се однесува и на употребата на заштитениот географски назив врз средствата за пакување, деловните исправи и рекламните материјали.

## Важење на правото на географски назив

Заштитата на географскиот назив важи неограничено, односно правото на користење на заштитениот географски назив важи пет години, сметајќи од денот на донесувањето на решението, со напомена да може да се продолжува неограничен број пати и тоа за период од по пет години

Носителот на правото е должен пред истекот на петтата година да поднесе барање за продолжување на правото.

Правото за користење на заштитени географски називи ќе се продолжи ако се исполнети условите за признавање на тоа право, во спротивно правото престанува да важи на денот кога ќе истече петтата година од неговото траење.



Прилог 1

**БАРАЊЕ ЗА ПРИЗНАВАЊЕ НА ПРАВО НА КОРИСТЕЊЕ НА ЗАШТИТЕНИОТ ГЕОГРАФСКИ НАЗИВ (ГН-1)**

Државен завод за индустриска сопственост

*(да се пополни со машина за пишување)*

**1. Адреса за кореспонденција**

*Презиме, име или назив, адреса*

*Телефон*

*Факс*

*e-mail*

**2. Подносител на пријавата**

*Презиме, име и адреса за физичко лице односно фирма и седиштe за правно лице, назив и седиштe на група производители*

*Телефон*

*Факс*

*e-mail*

**3. Застапник**

*Презиме, име или назив, адреса:*

*Регистарски број:*

**4. Географски назив на кој се однесува пријавата**

**Географски назив:**

**Заштитен со:**

☐ *Ознака на потекло*

☐ *Географска ознака*

**5. Видот на производот на кој се однесува географскиот назив и можниот обем на годишно производство**

**6. Назив на географското подрачје од каде што потекнува производот**

Об.ДЗИС ГН-1

1

| **7. Специфични својства и квалитет на производот условени од географската средина** | |
|---|---|
| | |

| **8. Надлежна институција за контрола на квалитетот на производот** | |
|---|---|
| *(Назив и седиште на правното лице)* | *Телефон* |
| | *Факс* |
| | *e-mail* |

| **9. Податоци за заштитениот географски назив во полза на странско лице** |
|---|
| *(Назив на земјата на потекло, назив и адреса на институцијата во која е извршена заштитата, регистарскиот број на географскиот назив, број и датум на документот со кој е извршена заштитата):* |
| *(се пополнува во случај кога се бара заштита во корист на странско лице)* |

**10. Прилози**

- ☐ *Елаборат*
- ☐ *Доказ за заштита во земјата на потекло*
- ☐ *Полномошно на застапникот*
- ☐ *Изјава за заеднички претставник и податоци за други подносители (ако пријавата е поднесена од повеќе подносители)*
- ☐ *Заверен превод на македонски јазик на доказот дека географскиот назив е заштитен во земјата на потекло*
- ☐ *Поднесено дополнително ______ страни за рубрика бр. ______.*

| *Потпис или печат на подносителот Односно потпис или печат на застапникот* | *Потпис и печат на Државниот завод за индустриска сопственост* |
|---|---|
| | |

Прилог 2

# БАРАЊЕ ЗА ПРИЗНАВАЊЕ НА ПРАВО НА КОРИСТЕЊЕ НА ЗАШТИТЕНИОТ ГЕОГРАФСКИ НАЗИВ (ОК-1)

Државен завод за индустриска сопственост

*(да се пополни со машина за пишување)*

| **1. Адреса за кореспонденција** | |
|---|---|
| *Презиме, име или назив, адреса* | *Телефон* |
| | *Факс* |
| | *e-mail* |

| **2. Подносител на пријавата** | |
|---|---|
| *Презиме, име и адреса за физичко лице односно фирма и седиште за правно лице, назив и седиште на група производители* | *Телефон* |
| | *Факс* |
| | *e-mail* |

**3. Застапник**

*Презиме, име или назив, адреса:*

*Регистарски број:*

**4. Географски назив на кој се однесува пријавата**

**Географски назив:**

**Заштитен со:**

☐ **Ознака на потекло**

☐ **Географска ознака**

**5. Податоци за географскиот назив на кој се однесува пријата**

**ГН – Бројот:** **Регистарски број:**

**6. Видот на производот кој ќе се означува со заштитениот географски назив**

**7. Територијална припадност на подносителот на пријавата**

*Назив на географското подрачје:*

Об.ДЗИС ОК-1

**8. Годишен обем на призводство**

*Според постојаните капацитети:*

**9. Видот на дејноста кој ја врши подносителот на пријавата**

**10. Надлежна инситуција за контрола на квалитетот на производот**

*Назив и седиште на правното лице:*

**11. Податоци за извршена контрола на производот**

*(Број и датаум на издаденото уверение за утврдениот квалитет на приозводот):*

**12. Податоци за признаеното право во земјата на потекло**

*(Број и датум на документот и назив на институцијата која го издала документот, земја на потекло):*

*(се пополнува во случај кога се бара заштита во корист на странско лице, наместо рубриките 10 и 11)*

**13. Прилози**

- ☐ *Доказ за дејаноста на подносителот на барањето (извод од регистарот или општина или здружение)*
- ☐ *Доказ за извршена контрола на производот (уверение)*
- ☐ *Доказ за заштита во земјата на потекло само за пријави во корист на странско лице*
- ☐ *Изјава за заеднички претставник (ако пријавата е поднесена од повеќе подносители)*
- ☐ *Полномошно на застапникот*
- ☐ *Доказ за платени такси*
- ☐ *Заверен превод во македонски јазик на доказот на подносителот на пријавата е веќе овластен корисник во земјата на потекло*
- ☐ *Поднесено ______ дополнително страни за рубрика бр ______.*

| ***Потпис или печат на подносителот Односно потпис или печат на застапникот*** | ***Потпис и печат на Државниот завод за индустриска сопственост*** |
|---|---|
| | |

Об.ДЗИС ОК-1

### Злоупотреба на ознаките на потеклото на производите

Злоупотребите се штетни како за овластените корисници на ознаките, така и за потрошувачите на производите. Имено:

- јавноста се дезинформира,
- се подметнува општо позната ознака за несоодветен производ, се злоупотребува довербата кај потрошувачите.

Се ова резултира во нарушување на правилата на лојалната конкуренција, односно во:

- дејствија што мошат да доведат до заблуда,
- погрешни наводи или тврдења што можат да дискредитираат некој производ или фирма,
- заведување на јавноста за одреден производ, производен процес, карактеристики, погодност, количина на стока и сл.

При регулирање на правата на заштита на индустриски дизајн се воспоставени и други постапки, односно користење на соодветни обрасци, и тоа:

- БАРАЊЕ ЗА ВПИШУВАЊЕ НА ПРОМЕНА ВО РЕГИСТАРОТ ЗА ЗАШТИТЕНИ ГЕОГРАФСКИ ОЗНАКИ (ГН-2)
- БАРАЊЕ ЗА ВПИШУВАЊЕ ПРОМЕНИ ВО РЕГИСТРИТЕ НА КОРИСНИЦИ (ОК-2)
- БАРАЊЕ ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА ПРАВОТО ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ЗАШТИТЕНИОТ ГЕОГРАФСКИ НАЗИВ (ОК-3)

## ОСТВАРУВАЊЕ НА ЗАШТИТА НА ПРАВАТА ОД ИНДУСТРИСКА СОПСТВЕНОСТ

**Творците имаат:** морални и материјални права.
Правата се стекнуваат со денот на упис во регистарот, а важат од денот на поднесување на пријавата.

**Повреда на правата** настануваат со:

- неовластено користење,
- неовластено располагање, и
- имитирање.

**Тужба** може да поднесе:

- подносител на пријава,
- носител на право,
- овластен корисник на ознаката, и
- стекнувач на исклучива лиценца

**Рок** за поднесување на тужба:
- о субјективен: 3 (три) години од сознанието за повреда и сторител,
- о објективен: 5 (пет) години од упис во регистар (за жиг)

**Постапка**та е итна.

**Одговорност** – по општи правила за надомест на штета.

**Можност** да се бара:
- о забрана на вршење на дејствие на повредата
- о објавување на пресудата во средства за јавно информирање.

## Пренесување и отстапување на правата од индустриска сопственост

Носителот на правото од индустриска сопственост може сам да ја користи творбата и да отпочне со производство на патентираниот пронајдок, индустрискиот дизајн или трговската марка. Во спротивно, доколку не е во можност тоа да го направи или нема интерес за тоа, може:
- да го пренесе своето право од индустриска сопственост, или
- да го отстапи своето право на користење на друго заинтересирано лице.

Пренесувањето и отстапувањето на правата од индустриската сопственост практично упатува на една значајна карактеристика – прометливоста на правата од индустриска сопстевност.

### Пренесување на правото од индустриска сопственост

Пренесувањето на правото од индустриска сопственост во нашата земја е регулирано со:
- Законот за индустриска сопственост, и
- Законот за облигациони односи.

Носителот на правото од индустриска сопственост може да го пренесе правото врз друг:
- во целина, или
- делумно (пренесувањето е на одредено време, одреден начин, одредена територија, иделани делови).

Можно е да се склучи договор за пренесување на потенцијалното право од индустриска сопственост – во фазата на пријавување. Во тој случај се склучува договор со раскинлив услов, што практично значи дека доколку Заводот не го признае правото, договорот се раскинува.

Правото на коллективната трговска марка и правото на користење на заштитената ознака на потеклото на производи не можат да се пренесуваат.

Договорот за пренесување на правото од индустриска сопственост мора да биде составен во писмена форма. Во спротивно истиот се смета за ништавен. Доколку овој договор се сака да произведе правно дејство треба да се запише во соодветен регистер кој се води во Заводот, како и сите измени и дополнувања во договорот.

Во услови на сложен субјект (како давател на лиценцата се јавуваат повеќе носители на правото), при лиценцен договор потребна е согласност на сите лица – носители на правото.

## Отстапување на користење на правото (договор за лиценца)

Отстапувањето на користење на правото од индустриска сопственост се врши со склучување на договор за лиценца. Со договорот за лиценца, давателот на лиценцата се обврзува на стекнувачот на лиценцата да му го отстапи, во целост или делумно, правото на искористување на:

- пронајдокот (ретко се склучува чист договор за патентна лиценца),
- индустриски дизајн,
- трговска марка (најчесто),
- „know how” (практично знаење и стекнато искуство),

а стекнувачот на лиценцата се обврзуа да му плати за тоа определен надомест.

Техничко унапредување не може да биде предмет на договорот за лиценца.

Може да се заклучи дека договорот за лиценца е:

- двострано обврзувачки договор, и
- товарен договор (надоместување).

При договор за лиценца на трговска марка е карактеристично тоа што трговската марка се отстапува со техниката и технологијата на производите. Трговската марка е секогаш поврзана со квалитативните својства на производот.

## Содржина на договорот за лиценца

Покрај вообичаените одредби за лиценцниот договор, потребно е особено да се разработат / регулираатследните содржини:

- времетраење на лиценцата (додека трае законската заштита),
- обем на лиценцниот договор (целосно користење на правото или парцијално користење на правото),
- назначување дали лиценцата е исклучителна, и

- висина на надомест за лиценцата.

Ако ги нема овие четири елементи, договорот е неподобен, односно истиот не произведува правно дејство од моментот на склучувањето на договорот. За ова се води сметка од:

- странките,
- заинтересираните лица, и
- јавниот правобранител.

Во лиценциот договор ќе биде ништавна секоја одредба која на корисникот на лиценцата му поставува ограничувања кои не произлегуваат од правото што е предмет на договорот.

## Права и обврски на договорените страни

Во договорот за лиценца, правата и обврските на договорените страни се нормирани во Законот за облигациони односи.

Давателот на лиценцата е должен на стекнувачот на лиценцата:

- да му го предаде предметот на лиценцата, како и техничката документација во определен рок,
- да гарантира за техничко-технолошката изводливост,
- да гарантира дека постои монополско право, односно дека е тој носител на тоа право и дека на тоа право нема терети од трети лица.

Стекнувачот на лиценцата има обврска:

- да го искористува правото на користење,
- плаќање на надомест,
  Во услови кога станува збор за трговска марка, стекнувачот на лиценцата има обврска и:
- да обезбеди ист квалитет на производот,
- да ги обележува своите производи согласно договорот.

## Подлиценца

Стекнувачот на лиценцата може да ги пренесе / отстапи стекнатите права / овластувања за користење на предметот на лиценцата на трето лице. Ова право не мора да е овозможено преку исклучивоста на договорот, туку и со согласност / дозвола од давачот на лиценцата.

Подлиценцата е нормирана во Законот за облигациони односи.

## Присилна лиценца

Присилната лиценца практично претставува санкција на носителот / стекнувачот на лиценцата, кој не го користи или недоволно го користи правото на користење на  во Република Македонија. Тоа значи присилно зафаќање на државата во на приме патентот т.е. ограничување правото на носителот на правото на патент.

Присилната лиценца се дава на она физичко или правно лице кое ќе докаже оправдан интерес и реални можности за користење на пронајдокот заштитен со патент.

Парискaта конвенција присилната лиценца ја третира како минимално право.
Присилна лиценца се дава само за патент.

## Службена лиценца

Службената лиценца или „присилна лиценца во јавен интерес“ се дава ако:

- патентот се користи за неоправдано високи цени на пазарот,
- користењето на пронајдокот заштитен со патент е од интерес за здравството, одбраната, заштитата на животната средина, и
- е од посебен интерес за определена гранка на стопанството.

Службената лиценца може да се издаде за користење во производство на патентиран пронајдок за пуштање во промет предмети изработени според патентиран пронајдок.

Информации за постапките за заштита на правата од индустриска сопственост, претпријатијата можат да добијат во **<u>Државниот завод за индустриска сопственост на Република Македонија</u>**, односно на веб-страницата, **http://www.ippo.gov.mk**

Република Македонија стана членка на Светската организација за интелектуална сопственост на 23.07.1993 година.

Првиот национален закон стапи на сила на 15.07.1993 година, а на 28.03.1994 година стапија на сила и подзаконските акти.

Во јуни 2002 година е донесен нов Закон за индустриската сопственост кој е во примена од 01.01.2004 година. Законот е изменет и дополнет и во март 2006 година со што е извршено понатамошно успгласување со европската регулатива и зајакнување на мерките за заштита на правата од индустриска сопственост.

Новиот Закон за индустриска сопственост  е објавен во "Службен весник на РМ" бр 21/09 од 17.02.2009.

<u>Надлежности на државниот завод за индустриска сопственост</u>:

- врши прием на пријави за признавање на перавата од индустриска сопственост;

- спроведува управна постапка за стекнување на правата од индустриска сопственост на територијата на Република Македонија;

- спроведува меѓународна постапка за признавање на правата од индустриска сопственост согласно меѓународните договори кон кои пристапила Република Македонија;

- Води регистри на пријави и стекнати права;

- Објавува во службено гласило податоци за пријавени и признаени права од индуистриска сопственост;

- Ги прави достапни до јавноста базите на податоци за признаени права од индустриска сопственост;

- Ја претставува државата во меѓународните, европските и регионалните организации за индустриска сопственост;

- Го следи развојот на меѓународната и европската регулатива и поведува иницијативи за усогласување на националната легислатива;

- Поведува иницијативи за ратификување на меѓународни договори од областа на индустриската сопственост;

- Дава информации за постапките за заштита на правата од индустриска сопственост во земјата и во странство;

- Дава услуги на пребарување во базите на податоци од областа на интелектуалната сопственост;

- Ја промовира заштитата на индустриската сопственост;

- Врши обука и спроведува испит за застапници од областа на индустриската сопственост.

***(задна страна од корицата на брошурата)***

Малите бизниси, особено во нивната рана фаза, често немаат доволно ресурси да ги следат многуте различни видови помош кои Европската Унија може да ги обезбеди. Уште повеќе, тие не се ни во состојба да го проценат иновативниот и пазарниот потенцијал на своите производи или да истражат нови деловни можности, особено надвор од просторите кои тие добро ги познаваат.

Европската Мрежа на Претпријатија ја премостува оваа празнина.

Европскиот информативен и иновативен центар во Македонија (ЕИИЦМ) е дел од Европската мрежа на претпријатија (Enterprise Europe Network), која е раширена во повеќе од 40 држави – во земјите од Европската унија, земјите кандидати и трети земји меѓу кои се и Русија, САД, Израел и др. На тој начин, оваа мрежа претставува најголема меѓународна организација која ги обединува малите и средни претпријатија, но и сите други кои на нив им пружаат услуги.

Во Европската мрежа на претпријатија (Enterprise Europe Network) членуваат преку 600 партнерски организации (универзитети, стопански комори, агенции, фондации и здруженија) кои покриваат огромен економски простор. Големите пазари покрај сите перспективи и поволности кои ги нудат, можат да бидат и премногу сложени за едно мало претпријатие. Затоа, главна цел на Европската мрежа на претпријатија (Enterprise Europe Network) е да обезбеди организиран настап на малите и средни претпријатија на заедничкиот голем европски пазар, да го обедини нивниот потенцијал и да ја зајакне конкурентноста и иновативноста на регионите.

Европскиот информативен и иновативен центар (ЕИИЦМ) е македонската компонента во таа структура. ЕИИЦМ е Конзорциум координиран од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Во овој Конзорциум членуваат и Фондацијата за менаџмент и индустриско истражување (МИР), Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Македонија (АППРМ) и Стопанската комора на Македонија (СКМ). Дејноста на Европкиот информативен и иновативен центар во Македонија се потпира врз три главни столба: информации, иновации и развој. Ценатрот е дисперзиран, и во секоја од овие институции има контакт точка преку која се достапни услугите на мрежата.

Следејки го принципот „не постои погрешна врата“ како и блискоста на принципите, малите и средни претпријатија низ цела Европа ќе ја добијат потребната поддршка локално од страна на било кој партнер на мрежата или ќе бидат преупатени директно до најсодветниот извор на услуги.

Линк: **http://www.enterprise-europe-network.ec.europa.eu/index_en.htm**